На основа член 64 став 4 од Законот за шумите ( Службен весник на НРМ бр. 11/57), Извршниот совет донесува

# РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ШУМСКИТЕ ПРЕДЕЛИ ВО СЛИВОТ НА РЕКАТА ОЧА ЗА ШУМСКИ РЕЗЕРВАТ

I

Во решението за прогласување на шумските предели во сливот на реката Оча за шумски резерват ( Службен весник на НРМ број 12/58), ставот 2 од точка I се менува и гласи:

Исток: Од манастирот Св. Андреја границата оди во правец на Исток по самиот гребен до билото над селото Св. Петка, од тука свртува во правец на југозапад на кота 785, потоа минува низ котите лочи (карта), 1104 (Рбљак), го пресечува патот Нова Бресница Рудина на 2,5 ком. источно од тригонометарот 1189 (Црвен камен), од каде оди во правец на југ и го сече стариот пат нова Бресница кула над последните колиби во месноста Дервен Дол. Од тука границата оди по стариот пат за кула до првиот дол источно од кула, од каде границата оди по билото минува низ месноста Копље и излегува на кота 1743, од тука минува низ кота 1656, од каде се спушта, во правец на Патишка река која ја пресечува над селото Патишка река кај што патот од Боро Поље се спушта во долината на Патишка река. Од тука оди во правец на југоисток на кота 2004 (Брег). Потоа границата свртува во правец на југ и минува низ тригонометарот 2353 (убава), тригонометарот 2473 (Караџица, од каде се спушта на поредот изнад кота 1323 (Глибец) на Боро Поље.

Југ: Од местото каде што границата на Боро Поље се доближува до поредот истата оди во правец на северозапад по самиот поред до местото каде што селскиот коњени пат излегува од шумата во пасиштето Боро Поље, од тука границата оди во правец на југозапад по патот, минува низ котата 1410 и излегува на сенокос, од каде свртува во правец на северозапад и излегува на највисокиот врв југоисточно од селото Тажево.

Запад: Од највисокиот врв југо-источно од селото Тажево, а северно од кота 1294 (Дрободи), границата оди во правец на северо-запад по билото што се наоѓа од десната страна над селото Тажево и Брезница, преку кота 1233, преку тригонометарската точка 1125 на месноста Поча од кота 1052, од кота 1052 оди по билото над месноста Добри Дол во правец на север и се спушта на реката Треска на местото каде реката Оча се влива во неа, оттука границата оди по течението на реката Треска, cL до кота 377 на месноста Гургурска Лака.

Север: Од тригонометарот 1401 Кретац Тепе границата оди во правец на северо-исток по самото било на Осој, минува преку котите 1372, 1293, 1354, тригонометарот 1368, од кота 1263 границата

се спушта спрема реката Треска кај манастирот Св. Андреја од таму оди на исток и преку манастирот Св. Никола излегувајќи на под врвот Веља Глава од каде оди на југо-запад по самото било на кота 785 .

II

Оваа решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Народна Република Македонија.

Бр. 09-1434/1
10 јуни 1960 година

Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар,
**Трајче Грујоски,** с. р.

Претседател,
**Љупчо Арсов,** с. р.